**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4793/**

# З А П И С Н И К

**Од 123-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.10.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Вики Димевска- раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната состојба во државата, 123-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 122-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година.

3. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година:
   -програма за работа за 2021 година,
   -финанскиски план за 2021 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Записникот од 122-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 122-ра седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 122-ра седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** запсиникот од 122-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година.
Виолета Димевска објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година без забелешки.
Претседателката со прашање дали некој има информација дали е поднесен амандман на буџетот на делот што се однесува на МРТ.Горан Атанасов одговори дека од наша страна е доставена информација до подкомитетот на Европска комисија дека состојбата од лани до сега ниедна состојба не е порменета.
Снежана Клинчарова под однос на кварталниот извештај има и извештај со пристигнати фактури оставрени по програмски договори, со прашање дали сумите што се исплатени и наведени во овој извештај дали се дел од вкупната сума на проектот или се по епизоди.Горан тоа се фактури влезни кои се прстигнати,а не исплатени.
Снежана Клинчарова исто така со забелешка по однос на некои проекти од програмата за 2021 г., што се впечатливи на пример стои дека новогдишната програма за 2021-ва пак ќе биде корподукција,дали тоа значи дека пак продукцијата ОХО и Преспав ќе ја работат истата, како и за самостоен уметник “Фокус филм“-Љупчо Митревски Владимир за проектот документарен серијал „Турците во Македонија“,дали ова е нешто ново и не било до сега,и ако се емитува,би било добро да се знае кај се емитува.Исто така има некој серијали со повеќе епизоди што се емитуваат сега на програмите на МТВ, а префрлаат и во 2021-ва година, а не се наведени ни во предходната ни во програмта за 2021-ва година.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2020-30.09.2020 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година:**
**-програма за работа за 2021 година,**
**-финансиски план за 2021 година.**

На почетокот воведно излагање по оваа точка имаше претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац со осврт на целиот документ и на законскиот рок во кој истата треба да е усвоена и доставена до Собранието на РМ.Исто така претседателката потсети дека поглемиот дел од програмата за работа за 2021 година беше разгледан на предходната седница на Програмскиот совет на МРТ.
Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година со планирани активности за исполнување на програмските активности како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Изработката на Финансискиот план е базирана на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.

● Финансиски план за 2021 година.
Виолета Димевска раководител на одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ го објасни пред присутните Финансискиот план за 2021 година по кој се планира да се работи во годината која следува.
Виолета Димевска објасни дека Финансиските средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 894.000.000 денари или 87,4 % од вкупно планираниот приход за 2021 година. Согласно член 105 став 1 од Законот за ААВМУ и членот 45 од Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.248/18) каде е наведено дека за 2021 година за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ треба да се издвојат средства во износ од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот, износот кој треба да го добие ЈРП МРТ во 2021 година би требало да биде значително повисок. Но, со оглед на фактот што ЈРП МРТ сеуште нема добиено официјално известување од државните институции за тоа со колкав вкупен износ ќе биде финансирано нејзиното тековно работење во идната 2021 година, во Финансикиот план за 2021 година, делот за финансирање на радиодифузна дејност е планиран во ист обем како и во тековната 2020 година и претходната 2019 година.
На предходна седница Надзорниот одбор на МРТ ја разгледа Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2021 година и Финансискиот план за 2021 година без забелешки и даде согласност на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година.
Снежана Клинчарова побара појаснување за средтсвата за маркетинг зошто се зголемени,во кварталниот што се изгласа сега има многу мала реализација по маркетинг а и по цела 2020 та година.Виолета Димевска одговори дека поради ситуиацијата со Корона вирусот многу настани и проекти се откажани претежно спортски настани,се надеваме дека во 2021 ва ќе се смири ситуацијата со пандемијата и имаме многу големи спортски насатани кои следуваат па се надеваме на поголем приход од маркетинг.

*Врз основа на член 124 став 1 алинеа 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 247/18, 27/19 и Сл.весник на РСМ бр.42/20),и член 37 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на МРТ, на својата 123-та седница одржана на 29.10.2020 година, ја донесе следнава*

***О Д Л У К А***
***за усвојување на Годишната програма за работа***
***на ЈРП Македонска Радио Телевизија***
***за 2021 година***

***I.*** *Се усвојува Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2021 година со:*

- *Програма за работа на ЈРП МРТ за 2021 година*
- *Финансиски план на ЈРП МРТ за 2021 година.*

***II.*** *Оваа одлука стапува во сила веднаш.*

***III.*** *Примерок од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2021 година да се достави до Собранието на Република Македонија.*

***IV.*** *Примерок од Одлуката да се достави до:*
- *Сектор за финансиско работење на МРТ;*
- *Одделение за планирање и реализација на буџети;*
- *Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО;*
- *Собрание на РМ;*
- *Архивата на МРТ.*

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година составена од Програма за работа за 2021 година и Финанскиски план за 2021 година.

**■Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година составена од Програма за работа за 2021 година и Финанскиски план за 2021 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година е **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**

По однос на оваа точка од дневниот ред повторно се укажа на предходните барања на Програмскиот совет од предходните седници,а за доставувања на список до советот за програмски договори со суми за секој проект поединечно.

Членот Илир Рамадани запраша што се случи со барањето од Програмски совет до членовите на Надозниот одбор за доставување на нотарски заверени изјави за неспоивост на функции.Од Одделението за поддршка на Програмскиот совет беше одговорено дека само еден член од Надозрниот добор до сега има доставено таква нотарски заверена изјава.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател